# Службен гласник

## на Општина Кавадарци


| Број 60 | 14.08.2020 година |
|---|---|


СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект,, ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ,, | 5 |
| Одлука за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект,, ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ,, | |
| Решение за објавување на Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци | |
| Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„донесена на Вонредна Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.08.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4323/1**
**14.08.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 18 и член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.61/04...244/19), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.Весник на РМ„ бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 13-тата Вонредна седница одржана на ден 14.08.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува домашно долгорочно задолжување на Општина Кавадарци, во висина од 118.000.000 денари, кај домашна комерцијална Банка, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект„ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„„.

### Член 2

Советот на Општина Кавадарци ги овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци и општинската администрација, да превземат активности пред Министерството за финансии за добивање на согласност за задолжување и утврдување на кредитен лимит на Општина Кавадарци кај домашна комерцијална Банка за реализација на капиталниот Проект „ГРАДСКИ ПАЗАР СО ПОДЗЕМЕН ПАРКИНГ„.

### Член 3

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката со арх.бр.08-3949/1 од 29.07.2020 година, за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„ и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката со арх.бр.08-4139/8 од 11.08.2020 година, за долгорочно задолжување на Општина Кавадарци за финансирање на Проект„ Градски Пазар со подземен паркинг„во две нивоа покриен со настрешница и изградба на улица 1 „ Зелен Пазар„ -асфалтирање и комплетна подземна инфраструктура„

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4323/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.08.2020 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

2. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на Вонредна Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.08.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-4323/2**
**14.08.2020 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија(..Сл.Весник на РМ„ бр.38/19....35/19), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05,14/10, 24/10 и 29/19),

Советот на Општина Кавадарци на 13-тата Вонредна седница одржана на ден 14.08.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, во износ од 3.000.000,00 (три милиони) денари за надминување на потешкотии во работењето.

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година, сукцесивно согласно потребите на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4323/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.08.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**